Министерството за труд и социјална политика
ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје

# Прирачник за учесници за запознавање на теми од областа на азил и меѓународна заштита



Ноември 2022

## ЛИСТА НА АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| СОП | Стандардни оперативни процедури |
| РКЛС | Ранливи категории лица-странци |
| ЖТЛ | Жртва на трговија со луѓе |
| НМДС | Непридружуван малолетник – дете странец |
| ПЦС | Прифатен центар за странци |
| ПТЦ | Привремени транзитни центри |
| ПЦБА | Прифатен центар за баратели на азил |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| ЈУМЦСР | Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| НРД | Непридружувани деца |
| ЦСР | Центар за социјални работи |
| ОЈО | Основно Јавно Обвинителство |
| УНХЦР | Висок комесаријат за бегалци на Обединетите нации |

## Содржина

1. Вовед ..... 5

1.1. За кого е наменета наставната програма во Прирачникот ..... 5

1.2. Целна Група ..... 5

1.3. Преглед на содржината ..... 5

2. Домашна и меѓународна законодавна рамка поврзана со правата на лица под меѓународна заштита ..... 7

2.1 Вовед ..... 7

2.2 Меѓународно право дефиниции и стандарди за бегалци ..... 7

2.3. Права и дефиниции според националнота легислатива ..... 13

3. Пристап на целната група до парични права во системот на социјалната заштита ..... 17

Правна рамка ..... 17

3.2. Здравствена Заштита ..... 17

3.3. Гарантирана минимална помош ..... 20

3.4. Надоместок за помош и нега од друго лице ..... 21

3.5. Надоместок заради попреченост ..... 22

3.6. Траен надоместок на родител кој има дете со попреченост ..... 23

3.7. Еднократна парична помош ..... 24

3.8. Користење соодветен стан за сместување или парична помош за обезбедување на простории за сместување ..... 25

4. Пристап на целната група до социјални услуги во системот на социјална заштита ..... 28

4.2. Услуги на информирање и упатување ..... 28

4.3. Услуги на стручна помош и поддршка ..... 28

4.4. Услуги на советување ..... 28

5. Запознавање на постапката за сместување на лица баратели на азил ..... 30

5.1. Сместување и згрижување во Установа за прифат на баратели на право на азил ..... 31

5.1. Постапка за сместување надвор од прифатен центар ..... 32

6. Постапката за назначување на старател за малолетно лице странец/барател на азил и постапка за сместување ..... 33

6.1. – Сместување во згрижувачко семејство ..... 34

7. Постапки за идентификација и работење со ризични категории определени како ранливи во полето на азил ..... 37

Анекс 1 ........ 41

1.1 Барање за здравствена заштита и а домување (општо барање) ........ 41

1.2. Решение за остварување или одбивање на правото на здравствена заштита ........ 42

1.3. Барање за остварување на право на гарантирана минимална помош ........ 43

1.4. Решение за остварување право на гарантирана минимална помош ........ 46

1.5. Барање за остварување на право на надоместок за помош и нега од друго лице и Изјава ........ 48

1.6.Решење за остварување право на надоместок за помош и нега од друго лице ........ 51

1.7. Барање за остварување на право на надоместок заради попреченост ........ 52

1.8. Решение за остварување право на Надоместок заради попреченост на лице со тешка или длабока интелектуална попреченост ........ 53

1.9. Барање за остварување на право на еднократна парична помош ........ 54

1.10. Решение за еднократна парична помош ........ 57

АНЕКС 2 ........ 58

2.1 Решение за користење на парична помош за обезбедување на простории за домување 58

АНЕКС 3 ........ 60

3.1. Овластување за старател ........ 60

3.2. Решение за поставување на старател за посебен случај........ 60

АНЕКС 4 ........ 63

4.1. Решение за користење на услуга стручна помош и поддршка на згрижувачки семејства 63

4.2. Решение за обезбедување привремено сместување и згрижување за лицето ........ 65

АНЕКС 5 Потврда за исказување намера за поднесување на признавање на право на азил ..... 67

# 1. Вовед

Овој Прирачник за учесници е изготвен во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Јавната установа Завод за социјални дејности – Скопје и е поддржан од УНХЦР. Ги разработува темите на наставната програма неопходна за работата на професионалците од областа на социјална заштита на теми од областа на азил и меѓународна заштита во Северна Македонија, со кој јасно се утврдува важната улога на институциите од социјалната заштита и нивниот ангажман во различните фази на остварување на правата на лицата под меѓународна заштита кои произлегуваат од националната законска рамка во согласност со меѓународните стандарди.

### *1.1. За кого е наменета наставната програма во Прирачникот*

Овој прирачник е наменет за стручните лица од институциите на социјална заштита кои работат директно со лицата под меѓународна заштита.

### *1.2. Целна Група*

Целна група на овој прирачник се лица кои се стекнале со статус на лица под меѓународна заштита.

### *1.3. Преглед на содржината*

Во Прирачникот се дава преглед, чекор по чекор, на постапките, алатките и одговорот на ниво на активности и разни дејствија во однос на правата на лицата под меѓународна заштита и нивната реализација.На практичарите им обезбедува информации потребни за да делотворно ги извршуваат своите одговорности на национално ниво, и да се обезбеди заштита на лицата под меѓународна заштита во согласност со националните и меѓународните стандарди.

Темите што ги обработува прирачникот се:

- Домашна и меѓународна законодавна рамка поврзана со правата на лица под меѓународна заштита;
- Совладување на знаења од пристапот на целната група до парични права во системот на социјална заштита;
- Совладување на знаење за пристапот на целната група до социјални услуги во системот на социјална заштита;
- Запознавање со административни форми на барањата, решенијата, и слично специфични за ова целна група во доменот на социјална заштита;

- Запознавање на постапката за назначување на старател за малолетно лице странец;
- Запознавање на постапката за сместување на лица баратели на право на азил;
- Запознавање на постапки за идентификација и работење со ризични категории определени како ранливи во полето на азил (стари лица, лица со попреченост, жртви на трговија и други).

# 2. Домашна и меѓународна законодавна рамка поврзана со правата на лица под меѓународна заштита

## *2.1 Вовед*

Државите се одговорни за заштита на правата на своите граѓани. Кога владите не се способни или не сакаат да го направат тоа, луѓето може да се соочат со сериозни закани по својата безбедност и добросостојба и следствено на тоа да бидат принудени да ја напуштат својата земја и да побараат безбедност на друго место. Во таков случај,друга земја во која луѓето бегаат и барат заштита мора да обезбеди почитување на основните права на бегалците преку својата легислатива и пракса. Ова е познато како обезбедување на „меѓународна заштита“.

Конвенцијата од 1951 година за статусот на бегалците и нејзиниот Протокол од 1967 година се јадрото на системот за меѓународна заштита на бегалците, дополнет со регионални договори и декларации кои се однесуваат и на правата на бегалците.

Но, меѓународното право за бегалци не функционира во изолација. Тоа најдобро се разбира во врска со меѓународното право за човекови права, почнувајќи со Универзалната декларација за човекови права од 1948 година и со меѓународното хуманитарно право.

## *2.2 Меѓународно право дефиниции и стандарди за бегалци*

Конвенцијата од 1951 година за статусот на бегалците е основа на меѓународното право за бегалците. Тој го дефинира поимот „бегалец”, го воспоставува принципот дека бегалците не треба да бидат насилно вратени на територија каде што нивните животи или слобода би биле загрозени, и ги утврдува должностите на бегалците и одговорностите на државите кон нив.

Во 1967 година беше усвоен и Протоколот кон Конвенцијата кој ја прошири надлежноста на Конвенцијата и е независен од, иако интегрално поврзан со, Конвенцијата. Со пристапувањекон Протоколот, државите се согласуваат да ја применуваат основната содржина на Конвенцијата од 1951 година на сите лица опфатени со дефиницијата за бегалци на Протоколот, без ограничувања на време или место.

Конвенцијата од 1951 година и Протоколот од 1967 година опфаќаат три главни теми:

- Дефиницијата за бегалци, заедно со одредбите за престанок и исклучување од статусот на бегалец;
- Правниот статус (права и обврски) на бегалци во нивната земја на азил. Ова ја опфаќа должноста на бегалците да го почитуваат законите и прописите на земјата на азил и нивните права во таа земја, вклучително и да бидат заштитени од враќање; и
- Обврските на државите, вклучително и да соработуваат со УНХЦР во извршувањето на своите функции и да ја олесни својата должност за надзор над примената на Конвенцијата.

***Кој е бегалец според Конвенцијата од 1951 година?***

Според Конвенцијата од 1951 година, бегалец е некој што:
*"Има основан страв од прогонување поради неговите или нејзините: раса, религија,националност, членство на одредена социјална група, или политичко мислење,е надвор од неговата или нејзината земја на потекло или вообичаен престој,не може или не сака да ја искористи заштитата на таа земја или да се врати таму,поради страв од прогон и не е експлицитно исклучен од заштитата на бегалците или чиј статус на бегалец не престанал заради промена на околностите."*

Човек е бегалец штом критериумите содржани во оваа дефиниција се исполнети. Со други зборови, човек не станува бегалец поради позитивно решение по барање за заштита. Признавање на статусот на бегалец е декларативно: потврдува дека лицето навистина е бегалец. Иако ова може да звучи како технички аспект,тоа е причината зошто барателите на азил не треба да бидат вратени во нивните земји на потекло се додека нивните барања не се испитани во детаљ.

***Бегалци и баратели на азил: Што е разликата?***

"Бегалец" е некој што ја напуштил својата земја на потекло и не може или не сака да се врати таму поради сериозна закана по неговиот или нејзиниот живот или слобода. (меѓународната правна дефиниција на терминот е објаснет погоре). Бегалците имаат право на заштита од присилно враќање во нивната земја на потекло (принцип на невраќање )и имаат други права и должности кои се утврдени во Конвенцијата од 1951 година.

„Барател на азил" е општа ознака за некој што бара меѓународна заштита. Во некои земји тоа е правен термин кој се однесува на лице кој поднел барање за статус на бегалец и се уште не добил конечна одлука за неговото или нејзиното барање. Не секој барател на азил на крајот ќе биде признаен како бегалец. Меѓутоа, барателот на азил не

треба да биде вратен во неговата или нејзината земја на потекло се додека барањето за азил не е разгледано во правична постапка и од надлежен орган.

***Бегалец или мигрант?***

Да се дефинира „мигрант“ е потешко и не постои универзално прифатена дефиниција.Според ИОМ*:*
*„Широк термин кој не е дефиниран со меѓународното право, што го одразува вообичаеното разбирање на лице кое се оддалечува од своето место на вообичаено живеење, без разлика дали во сопствената земја или преку меѓународна граница, привремено или трајно, и од различни причини. Поимот вклучува голем број на добро дефинирани правни категории на луѓе, како што се работниците мигранти; лица чиишто одредени видови движења се законски дефинирани, како што се криумчарените мигранти; како и оние чиј статус или средства за движење не се конкретно дефинирани според меѓународното право, како што се меѓународните студенти“.*

Според ИОМ оваа дефиниција ги опфаќа и бегалците. Но, според Високиот комесаријат на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР), бегалците и барателите на азил сочинуваат посебна група на луѓе како што видовме погоре дефинирани од страна на Конвенцијата за бегалци од 1951 година.

***Посатапка за утврдување на статус на бегалец***

Конвенцијата од 1951 година не дефинира како државите членки треба да утврдат дали поединецот ја исполнува дефиницијата за бегалец. Наместо тоа, воспоставувањето постапки за азил и утврдувањето на статусот на бегалецот се оставени на секоја држава членка да ги развие како смета дека е во согласност на националното законодаство и политика. Ова во праксата резултираше со нееднаков пристап и третман на оваа категорија на лица меѓу различни држави, бидејќи владите ги подготвуваат законите за азил врз основа на нивните расположливи ресурси, грижи за национална безбедност и сл. Но и покрај разликите на национално и регионално ниво, главна цел на модерниот бегалски режим е да обезбеди заштита на поединците кои се принудени да ги напуштат своите домови бидејќи нивните земји не сакаат или не можат да ги заштитат.

***Исклучоци- Клаузули за исклучување и престанок на статус на бегалец***

Конвенцијата од 1951 година поставува голем број ограничувања за подобноста за статус на бегалец. Конвенцијата ги исклучува лицата кои, во времето на Конвенцијата од 1951 година, веќе добивале заштита или помош од друг орган или агенција на ОН. (Членот 1(Д) во голема мера се однесуваше на Корејците кои добивале помош од

Корејската агенција на Обединетите нации за реконструкција (УНКРА) и Палестинците кои добиваат помош од Агенцијата за помош и работа на Обединетите нации за палестинските бегалци на Блискиот Исток (UNRWA)). Дополнително, Конвенцијата ги исклучува поединците во однос на кои постојат сериозни причини да се смета дека:

(а) извршил злосторство против мирот, воено злосторство или злосторство против човештвото, како што е дефинирано во меѓународните инструменти;

(б) извршил сериозно неполитичко кривично дело надвор од земјата на прибежиште пред неговиот прием во таа земја како бегалец;

(в) е виновен за дела спротивни на целите и принципите на Обединетите нации.

***Какви права ги имаат бегалците?***

Покрај заштитата дадена со членовите 31– 33 од Конвенцијата од 1951 година (против казнување за незаконски влез, протерување и враќање), Конвенцијата предвидува бегалците да стекнуваат и други права во зависност од нивните ниво на врзаност кон земјата на азил. Основниот концепт е дека колку подолго бегалецот останува во земјата на азил, со толку повеќе права тој или таа се стекнува.

Права на сите баратели на азили бегалците, без оглед настатус или должина на престој:

- Верска практика и веронаука (член4, не се дозволени резервации, третман како државјани);
- Стекнување на движен и недвижен имот(член 13, третман што е можно поповолени, во секој случај, не помалку поволни од странците генерално);
- Пристап до судови и правна помош (член16, не се дозволени резервации, третман како државјани);
- Основно образование (член 22(1), третман како државјани);
- Средно и високо образование (член 22(2),третман што е можно поповолен и, во секој случај, не помалку поволен од странцитегенерално); и
- Лична карта (член 27).

Права на барателите на азил и бегалците кои престојуваат законски во земјата (од моментот набарање за статус на бегалец):

- Самовработување (член 18, третман какошто е можно поповолно и, во секој случај, не помалку поволни од странците генерално); и
- Избор на живеалиште и слобода на движење во рамките на територијата (член 26, предмет на кој било прописи кои важат за странци генерално).

Правата на бегалците кои законски престојуваат во земјата:

- Право на здружување (член 15, најповолен третман на странски државјани);

- Вработување на плата (член 17, повеќетоповолен третман на странски државјани);
- Слободни професии (член 19, третман какошто е можно поповолно и, во секој случај, не помалкуповолни од странците генерално);
- Домување (член 21, третман како поволен какоможно и, во секој случај, не помалку поволноод странците генерално);
- Социјална помош и осигурување (членови 23, 24,третман како државјани); и
- Патни исправи (член 28).

***Принципот на не враќање***

Основниот принцип на бегалското право, не-враќање и се однесува на обврската на државите да не враќаат бегалец на „границите на териториите каде што неговиот живот или слобода би биле загрозени поради неговата раса, религија, националност, членство на одредена социјална група или политичко мислење“.Не враќањето е универзално признаено како човеково право. Тоа е експлицитно наведено во конвенциите за човекови права, како што се Конвенцијата против тортура и др.

Постојат две важни ограничувања за овој принцип. Лицата кои инаку се квалификуваат како бегалци не смеат да бараат заштита според овој принцип кога има „разумни основи“ да се смета бегалецот е опасност за националната безбедност на земјата домаќин или кога бегалецот, кој е осуден за особено сериозно кривично дело, претставува опасност за заедницата која е домаќин.

***Принципи и стандарди за постапување со непридружувани или одвоени деца***

Конвенцијата за Правата на Детето преку Комитетот за правата на децата во Општиот коментар бр.6 за третманот на непридружувани и одвоени деца надвор од земјата на нивното потекло посебно внимание посветува на оваа ранлива група деца потенцирајќи ги следниве принципи:

- законска обврска на државата во заштитата на непридружуваните или одвоени деца,
- недискриминација,
- најдобриот интерес на детето како одлучувачки принцип во планирањето краткорочни или долгорочни решенија,
- правото на детето на опстанок, живот, развој,
- правото на детето на учество,
- правото на детето на безбедна средина и невраќање во несигурна загрозувачка средина, и
- принципот на доверливост.

Исто така Високиот комесаријат за бегалци при Организацијата на Обединетите нации

има изготвено упатства, насоки, водичи во кои се поместени основните начела и насоки за процена и одредување на најдобриот интерес на детето, како што се:

- ✓ Детето е дете пред сè и за сè – претпоставена возраст на детето;
- ✓ Правото на учество на детето во постапката за процена на неговиот најдобар интерес се гарантира преку обезбедување преведувач;
- ✓ Заштита на правата на детето и процена на најдобриот интерес преку поставување старател во рамките на домашното законодавство;
- ✓ Првична и целосна процена на ранливост, потребите, ризиците, услуги и права кои му стојат на располагање се прави од професионалци кои располагаат со експертиза во разни области (детски развој, правни застапници, социјално опкружување...), кои се дел од националните сервиси за заштита на детето – центри за социјална работа, установи за социјална заштита и други даватели на услуги;
- ✓ Пристап до здравствена заштита и образование;
- ✓ Заштита од сите видови злоупотреба, занемарување, насилство и превенција од трговија со луѓе;
- ✓ Пристап до правото на азил;
- ✓ Почитување на принципот на слобода во сместувањето – воздржување од затворање /ограничено сместување – користење сместувачки капацитети со кои располага државата – згрижувачки семејства за деца до 15 години, за адолесценти – живеење во поддршка, во средина која е културолошки најблиска до средината и културата од која потекнува; овозможување да се практикуваат културолошки навики;
- ✓ Зачувување на семејните врски, нераздвојување на браќа и сестри при сместување, освен кога тоа не е во најдобар интерес на некое од децата, претходно утврдено преку процена;
- ✓ Кратки рокови во постапките за деца/итност на постапката и
- ✓ Семејното обединување кој е основен и одлучувачки најдобар интерес на детето, освен доколку при проценувањето не се дојде до сознание дека семејното обединување е на штета на детето и не е негов најдобар интерес.

***Регионални инструменти /Европа***

Европската унија (ЕУ) во 1999 година одлучи да создаде заеднички европски систем за азил. Оттогаш, четири клучни законодавни инструментите се усвоени во оригинални и ревидирани (или „преобликувани“) верзии. Секој додава содржина на правото за бегалци во област која не е опфатена со Конвенцијата од 1951 година.

Овие инструменти се однесуваат на: (а) привремена заштита; (б) прием на баратели на азил;(в) квалификација за статус на бегалец или „супсидијарна заштита“ и права и статус накои им припаѓаат на корисниците; и (г) стандарди за процедури за азил.

Покрај тоа, Регулативата „Даблин III“ ги утврдува критериумите за одредување која земја-членка на ЕУ или друга земја учесничка е одговорна за испитување на барањето за азил.

Повелбата за основните права на ЕУ, усвоена во 2007 година, има статус еднаков на оној на Основачките договори на ЕУ. Вклучува одредби за правото на азил и заштита од отстранување, протерување или екстрадиција на сериозен ризик да биде подложен на смртна казна,тортура или друго нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Судот на правдата на Европската унија (CJE) има јурисдикција да ги толкува Инструменти за азил на ЕУ и да одлучува за какви било наводни прекршувања од страна на земјите-членки.Тој заедно со Европскиот суд за човекови права, кој се осврнува на прашањата за азил во контекст на Европската конвенција за човекови права, има значително влијание врз поширокиот развој на меѓународното право за бегалци.

### *2.3. Права и дефиниции според националнота легислатива*

Република Македонија ја ратификувала Конвенцијата за статусот на бегалците (1951 г.) и нејзиниот Протокол (1967 г.) во јануари 1994 година. Значаен правен документ е Законот за меѓународна и привремена заштита што го гарантира правото на социјална заштита на бегалците, како и условите и процедурите според кои странец на територијата на Република Македонија има право да поднесе барање за азил.

Законот за меѓународна и привремена заштита е донесен во 2018. Секторот за азил и миграција при Министерството за внатрешни работи е одговорно тело за спроведување на овој закон, додека Министерството за труд и социјална политика е одговорно за социјална заштита и сместување на барателите на азил.

### *Дефиниции според националната легислатива*

Дефинирањето на поимите, се прави врз основа на формалната терминолошка рамка и изразите кои се користат во  Законот за меѓународна и привремена заштита ( Сл. Весник на РМ бр. 64/18).

**Право на азил**

Постапката за добивање на азил во Македонија е регулирана со Законот за меѓународна и привремена заштита, каде што е дефинирано дека надлежна институција за

одлучување по поднесено барање за азил е Секторот за азил при Министерството за вратрешни работи. Правото на азил се дава под услови и постапка предвидени со Законот за меѓународна  и привремена заштита на следниве категории лица:
– лице со статус на бегалец;
– лице под супсидијарна заштита.

**Барател на право на азил**

Барател на право на азил е странец кој бара меѓународна заштита од Република Македонија, кој искажал намера или поднел барање за признавање на право на азил, за кое не е донесена конечна одлука во постапката за признавање право на азил,  кое може да се разбере како барање за меѓународна заштита.

**Лице со статус на бегалец**

Лице со статус на бегалец е странец за кој по испитување на неговото барање му се признава статус на бегалец и за кое е утврдено дека ги исполнува условите определени со Женевската конвенција, односно лице кое поради оправдан страв дека ќе биде прогонето заради својата раса, вера, националност, припадност на одредена социјална група или поради своето политичко уверување, е надвор од државата чиј државјанин е и не може, или поради таков страв, не сака да биде под заштита на таа држава или кое доколку е без државјанство е надвор од државата во која имало вообичаено место на престој, не може или поради таков страв не сака да се врати во неа.

**Лице под супсидијарна заштита**

Лице под супсидијарна заштита е странец, кој не се квалификува како лице со статус на бегалец, а на кој Република Македонија ќе му признае право на азил и ќе дозволи да остане во рамките на нејзината територија, бидејќи постојат причини да се верува, дека доколку се врати во државата чиј државјанин е, или доколку е лице без државјанство, во својата држава на претходен вообичаен престој, ќе се соочи со реален ризик од претрпување на сериозни повреди (смртна казна или егзекуција,тортура или нечовечно или деградирачко постапување или казнување или сериозни и индивидуални закани по животот или личноста на цивилно лице, по пат на недискриминаторско насилство, во ситуација на меѓународен или внатрешен вооружен конфликт).

**Малолетни лица без придружба**

Малолетно лице без придружба е странец кој не навршил 18 години, а пристига на територијата на Република Македонија без придружба на родител или старател, или останал без таква придружба откако влегол на територијата на Република Македонија.

**Ранливи лица**

При примената на закон, ќе бидат земени предвид посебните потреби на ранливите лица, кои се баратели на право на азил, лица со статус на бегалец, лица под супсидијарна заштита или лица под привремена заштита.Ранливи лица, се процесно

неспособни лица,малолетни лица, малолетни лица без придружба, тешко болни лица, лица со пречки воразвојот, лица со телесна попреченост, стари лица, бремени жени, самохрани родители со малолетни деца, жртви на трговија со луѓе и лица кои биле изложени на мачење, силувањеили други тешки форми на психолошко, физичко или сексуално насилство.

**Меѓународна заштита** е статус на бегалец или статус на лице под супсидијарна заштита.

***Права на лицата под меѓународна заштита според националното законодавство***

Во рамките на овој закон се предвидува дека успешно барање за азил може да се одобри само доколку лицето е признаено во категоријата бегалец или лицето е под супсидијарна заштита.

- ***Права на барателите на право на азил***

Барателите на право на азил до донесување на конечна одлука во постапката запризнавање на право на азил имаат право на:
- престој,
- идентификациона исправа,
- слобода на движење,
- бесплатна правна помош,
- соодветно сместување и згрижување во Прифатен центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика, доколку искаже потреба за истото,
- семејно единство,
- основни здравствени услуги согласно со прописите за здравственото осигурување,
- право на социјална заштита согласно со прописите за социјалната заштита,
- право на образование согласно со прописите за основно и средно образование,
- работа само во рамките на Прифатниот центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика и право на слободен пристап на пазарот на труд за барател на право на азил за чие барањето за признавање на право на азил не е донесена одлука од страна на Секторот за азил, во период не подолг од девет месеци по поднесувањето на барањето,
- пристап до достапни програми за рана интеграција и
- контакти со Високиот комесаријат за бегалци, како и невладини хуманитарни организации заради давање на правна помош во постапката за признавање на право на азил.

- ***Права на лице со статус на бегалец***

Лицата со статус на бегалец имаат право на престој на територијата на Република Македонија.

-да стекнат право на сопственост на движен и недвижен имот;
-да засноваат работен однос или да вршат дејност, под услови утврдени со закон со кој се регулира ова право за странците во Република Македонија;
-Сместување;
-Права од социјална заштита: лице со статус на бегалец од денот на доставувањето на решението за признавање на статус на бегалец се изедначува со државјаните на Република Македонија по однос на остварување на правата од социјална заштита утврдени со Законот за социјалнатазаштита;
-Здравствена заштита: до стекнување својство на осигурено лице согласно со Законот за здравственото осигурување, лицето со статус на бегалец има право на здравствена заштита, под истите услови како и државјаните на Република Македонија;
-Права од работен однос и социјално осигурување: правото на работа лицата со статус на бегалец го остваруваат согласно со овој закони прописите за вработување и работа на странци; во поглед на правата од работен однос, здравственото, пензиското и инвалидското осигурување, лицата со статус на бегалец се изедначени со државјаните на РепубликаМакедонија.

- ***Права на лице под субсидијарна заштита***

Лицето под супсидијарна заштита има право на престој на територијата на Република Македонија.
- од денот на доставувањето на решението за признавање на статус на лице под супсидијарна заштита се изедначува со државјаните на Република Македонија по однос на остварување на правата од социјална заштита и здравствена заштита.
-обезбедување на сместување.

- ***Права на непридружувани деца странци***

Непридружуваните деца странци кои од било кои причини се наоѓаат на територија на државава имаат право на заштита:

- Поставување на старател, согласно Законот за семејство;
- Згрижување /сместување, согласно проценката која форма е најсоодветна;
- Заштита од сите врсти на злоупотреба;
- Психосоцијална поддршка за справување во трауматските искуства кои ги доживеал;
- Обезбедување преведувач/толкувач;
- Обезбедување правна помош;
- Здраствена заштита:
- Образование;

Во следниов текст се разработени некои од правата на горе-споменатите лица во системот на социјалната заштита.

## 3. Пристап на целната група до парични права во системот на социјалната заштита

***Правна рамка***

Правата и услугите од социјална сфера се уредени со Законот за социјална заштита, Законот за семејството, законите кои го регулираат вработувањето кои се во надлежност на Министерството за труд и социјална политика,

Правата и услугите од социјална заштита, надлежноста на центарот за социјална работа како институција во која граѓаните ги остваруваат своите права, се уредени со Закон за социјалната заштита, Законот за семејството, Законот за меѓународна и привремена заштита како и Подзаконски акти – правилници.
Согласно чл.14 од Законот за социјалната заштита (Сл.Весник на РСМ бр.104/19,146/19, 275/19,302/20, 311/20, 163/21, 294/21 и 99/22 ), право на социјална заштита има лице барател на право на азил, лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, под услови и во постапка утврдени со закон.

*__БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ__ – не можат да остваруваат права на парична помош од социјална заштита затоа што немаат евидентен, регистарски број за странец или ЕМБГ. За остварување на услугите од областа на социјална заштита е долунаведено.
***ЛИЦАТА СО СТАТУС БЕГАЛЕЦ И ЛИЦАТА ПОД СУПСИДИЈАРНА ЗАШТИТА може да ги остварат долунаведените права на парична помош**

### *3.2. Здравствена Заштита*

***Постапка***

- **Право на здраствена заштита на барател на азил**

Барателите на азил остваруваат здраствена заштита во рамките на прифатен центар во склоп на сместување во социјална установа. Центарот има скучено договор со здраствена установа. Ако барателите на азил користат сместување надвор од прифатен центар за здраствени услуги доаѓаат во прифатниот центар. (ПРАВИЛНИК ЗА СТАНДАРДИТЕ ЗА ПРИФАТ НА БАРАТЕЛИТЕ НА ПРАВО НА АЗИЛ, Службен весник на РСМ, бр. 195 од 24.9.2019 година).

Во случај кога е потребен итен здравствен третман и / или лекување на барателот на право на азил примен во објектот за прифат, го сместува барателот на азил во

здравствена или специјалистичка установа во зависност од потребите на здравствениот третман:

- Примарните здравствени услуги за барателот на право на азил се обезбедуваат во објектот за прифат согласно Закон за здравствената заштита или согласно склучен договор на давателот на услуги со приватна или јавна здравствена установа каде барателот на азил бесплатно ќе добива примарна здравствена заштита. Здравствените услуги за барателите на азил треба да бидат достапни 24 часа секој ден во недела.
- Барателот на право на азил сместен со одобрение на Министерството во приватно сместување, здравствената заштита ја остварува кај давателот на услуги каде првично бил сместен или во здравствената установа со која давателот на услуги има склучено договор.
- На барателот на азил на кој по мислење на доктор ангажиран од давателот на услуги се утврди дека му е потребна специјалистичка или болничка здравствена заштита, се упатува до здравствена установа за натамошен третман и лекување.

Трошоците за специјалистичка или болничка здраствени услуги дадени во јавна здравствена установа ги надоместува Министерството врз основ на доставена документација и фактура од страна на давателот на услуги. Кон барањето за исплата на фактурата од јавната здравствена установа, давателот на услуги до Министерството треба да достави:

- решение за сместување на барателот на азил кај давателот на услуги во објект за прифат,
- уредно потпишан упат до здравствена установа за понатамошен третман и лекување,
- писмено известување до здравствената установа дека трошоците за здравствената услуга за барателот на азил ќе ги сноси/надомести Министерството,
- известување до Министерството со кое претходно е најавена обврската за надомест на трошоците (со датум од известувањето до здравствената установа) и
- фактура од здравствени установи за извршената услуга по цени идентични како за здравствено македонски државјани кои не се осигурани.

- **Правото на здравствена заштита на лицата со стаус бегалец и лица под супсидијарна заштита**

На оваа категорија лица правото е признато во Законот за социјалната заштита, а во Законот за здравствено осигурување се во категоријата на лица кои се задолжителни осигуреници, со што им се обезбедува право на основни здравствени услуги. Право на осигурување на здравствена заштита преку Центар за социјална работа има лице

корисник на ГМП кое е неспособно за работа, лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита.

Корисниците остваруваат право на здравствена заштита, само доколку не можат да се стекнат со осигурување по друг основ. За да го оствари правото, потребно е да се поднесе:

- **Барање за остварување право** на здравствена заштита кое се поднесува до месно надлежен Центар за социјална работа согласно место на престојувалиште/живеалиште **(Анекс 1.1.)**
- Потребна документација која се приложува кон Барањето за остварување право на здравствена заштита се:
    - Дозвола за постојан престој на важечка лична карта за лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, се доставува само на увид за докажување на идентитетот.
    - Изјава за согласност за употреба на личните податоци на барателот (прилог бр.2), која ја издава Центарот за социјална работа или ја има на страната на МТСП.
    - Записник на изјава која треба да биде своерачно пополнета и потпишана со образложение дека барателите поради својот статус не се во можност да обезбедат лична документација.
    - За малолетни лица како лична документација, од страна на родителот се доставува Решение издадено од МВР со регистарски број за странец за децата. Во спротивно, Центарот податоците може да ги обезбеди и по службена должност во соработка и посредство на МТСП И МВР.

Центарот за социјална работа по службена должност ја преиспитува фактичката состојба и носи соодветно **Решение за остварување (Анекс 1.2)** или одбивање на правото на здравствена заштита,согласно Законот за социјална заштита. Центарот за социјална работа го испраќа Решението по пошта или го дава лично на рака на носителот. Здраствена легитимација лицата со статус на бегалец ја прибавуваат самите и е потрбно лицето да ја достави до надлежниот ЦСР да по остварување на правото му биде заведена, одосно да се стави печат.

### *3.3. Гарантирана минимална помош*

*Со цел извршување на паричен трансфер, и остварување на парични права потребно е лицето да има отворено лична нерезидентна трансакциска сметка во некоја од банките во државава.За отварање на сметката во банка лицето подносител мора да има валидна лична карта за регулирање на престој каде е нотиран единствен матичен број за странец издаден од Министерството за внатрешни работи (ЕМБС).*

Лицето со статус бегалец или лице под супсидијарна заштита, за да може да оствари право на гарантирана минимална помош, под услови и постапка определени во Законот за социјална заштита и подзаконскиот акт, треба да:

- Поднесе **барање** до месноналежен Центар за социјална работа согласно место на престојувалиште/живеалиште (барањето го издава Центарот за социјална работа/ може да се најде на страната на Министерството за труд и социјална политика) **(Анекс 1.3);**
- Да поднесе на увид Лична карта за признат бегалец или лична карта за лице под супсидијарна заштита;
- Писмена изјава со која потврдува дали е во можност да обезбеди потребни документи за да се констатира дека неговото домаќинство е материјално необезбедено и нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува;
- Изјава за согласност за употреба на личните податоци на барателот која ја издава ЦСР или ја ја има на страната на МТСП (прилог бр.2);
- Трансакциска сметка на име на носителот;

Месноналежниот центар ќе изврши непосреден увид заради утврдување на состојба на социјален ризик на семејството, обезбедува податоци за материјалната состојба од останатите надлежни институции, и доколку семејството се квалификува за помошта, центар го определува носителот на правото на ГМП, изготвува стручна документација, носи **решение за признавање на правото на ГМП (Анекс 1.4)** и изработува Индивидуален план.

Откога ќе започне да го користи правото на ГМП, корисникот треба да :

- Да соработува со надлежниот центар за вработување со цел  пристап на пазарот на трудот
- Да соработува со надлежниот Центар за социјална работа,
- Да го извести центарот за секоја промена на фактите или околностите кои влијаат на користење на правото и биле основа за признавање на правото од социјална заштита, најдоцна во рок од 15 дена од денот кога настанале тие промени, во спротивно му престанува правото.

**<u>ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ РАБОТОНЕСПОСОБНОСТ</u>** кај носител на правото или член на домаќинството кој има здравствени проблеми:
Полнолетно лице со нарушена здравствена состојба, со навршени 26 години, член во домаќинството, потребно е кон барањето за оставарување право на ГМП како болно лице да приложи:

- Образец 3 од матичен лекар за утврдување работоспособност,
- Оригинал медицинска документација за здравствената состојба (покрај другото пожелно е да приложи потврда од матичен лекар дали болното лице е во можност лично да се јави на преглед на лекарска комисија).

Центарот за социјална работа по службена должност со пропратно писмо го доставува Барањето, Образецот 3 од Матичен лекар и останатата медицинска документација до Лекарска комисија за оценка на работна способност при Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ.
Лекарската комисија со покана го известува корисникот на кој термин потребно е да се јави за преглед.
По доставување на наод за утврдена работонеспособност од страна на Лекарската комисија до Центарот, Центарот за социјална работа по утврдување на целокупната фактичка состојба носи соодветно Решение за исплата на висината на правото на ГМП.
За работнонеспособно лице се обезбедува дополнителен износ согласно Законот за социјалната заштита.
Центарот за социјална работа го испраќа Решението по пошта или го дава лично на рака на носителот.

## *3.4. Надоместок за помош и нега од друго лице*

Со цел извршување на паричен трансфер, и остварување на парични права потребно е лицето да има отворено лична нерезидентна трансакциска сметка во некоја од банките во државава.За отварање на сметката во банка лицето подносител мора да има валидна лична карта за регулирање на престој каде е нотиран единствен матичен број за странец издаден од Министерството за внатрешни работи (ЕМБС).

**Ранливите категории лица бегалци / лица под супсидијарна заштита, кои се лица** со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба и е лице со навршени 26 години возраст, може да оствари право на надоместокот за помош и нега од друго лице, за што е потребно:

- Да поднесе **барање** до месноналежниот центар за социјална работа (кон барањето за првично или повторно остварување на правото има и **Изјава за согласност** за употреба на лични податоци, Анекс 1.5).
- Барањето за повторно остварување на правото поради контролен преглед со целосна документација потребно е да се поднесе пред истекот на контролниот преглед наведен како податок во последно донесеното решение од страна на Центарот.
- Да поседува лична карта за бегалец/лице под супсидијарна заштита, се доставува на увид.
- мислење од матичен лекар за потребата од помош нега од друго лице со Бартелов индекс и отпусно писмо со специјалистички извештај и/или друга медицинска документација).
- Упат за закажан термин на Лекарска комисија за утврдување потреба од помош и нега од друго лице.
- Да има трансакциска сметка.
- Носителот на правото покрај поднесеното Барање за остварување право на помош и нега од друго лице во Центарот, потребно е да се јави на преглед кај Лекарската комисија, на зададениот термин, согласно издадениот упат од страна на матичен лекар.

Лекарската комисија по службена должност во Центарот го доставува Наодот и Мислење за потребата од помош и нега од друго лице.

Центарот за социјална работа ја утврдува фактичката состојба и носи соодветно **Решение за остварување, престанок или одбивање на правото на помош и нега од друго лице (Анекс 1.6).**

Центарот за социјална работа го испраќа Решението по пошта или го дава лично на рака на носителот на правото.

## *3.5. Надоместок заради попреченост*

*Со цел извршување на паричен трансфер, и остварување на парични права потребно е лицето да има отворено лична нерезидентна трансакциска сметка во некоја од банките во државава.За отварање на сметката во банка лицето подносител мора да има валидна лична карта за регулирање на престој каде е нотиран единствен матичен број за странец издаден од Министерството за внатрешни работи (ЕМБС).*

**Ранливите категории лица бегалци / лица под супсидијарна заштита, кои се лица** со тешка или длабока интелектуална попреченост, лица со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице или потполно глуво лице, може да остварат право на надоместокот заради попреченост, доколку има навршени 26 години возраст, најдоцна до 65 годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот.

**За лицето да го оствари правото, потребно е:**

- Да има поднесено барање до меснонадлежниот Центар за социјална работа Носителот потребно е да поднесе **Барање за првично остварување на правото на надоместок заради попреченост или за повторно остварување на правото на надоместок заради попреченост** поради контролен преглед. (Анекс 1.7)
- Барањето за првично остварување на правото на надоместок заради попреченост и Барањето за повторно остварување на правото на надоместок заради попреченост на корисникот поради контролен преглед се издава на еден ист образец – **Барање за остварување на право на надоместок заради попреченост во кое има и изјава за согласност за употреба на личните податоци на барателот.**
- Барањето за повторно остварување на правото на надоместок заради попреченост поради контролен преглед со целосна документација потребно е да се поднесе пред истекот на контролниот преглед наведен како податок во последно донесеното решение од страна на Центарот.
- Да поседува лична карта за бегалец/лице под супсидијарна заштита , на увид.
- Конзилијарно мислење од првостепена комисија составена од тројца лекари специјалисти , во оригинал или копија заверена на нотар (за болното лице да го добие конзилијарното мислење претходно со упат издаден од матичен лекар треба само да се јави на преглед на наведената комисија која работи во склоп на Здравствените клиники).
- Да има трансакциска сметка.

Центарот за социјална работа ја утврдува целосната фактичка состојба и носи соодветно **Решение за остварување, престанок или одбивање на правото на надоместок заради попреченост**(Анекс 1.8.). Центарот за социјална работа го испраќа Решението по пошта или го дава лично на рака на носителот на правото.

## *3.6. Траен надоместок на родител кој има дете со попреченост*

*Со цел извршување на паричен трансфер, и остварување на парични права потребно е лицето да има отворено лична нерезидентна трансакциска сметка во некоја од банките во државава.За отварање на сметката во банка лицето подносител мора да има валидна лична карта за регулирање на престој каде е нотиран единствен матичен број за странец издаден од Министерството за внатрешни работи (ЕМБС).*

| |
|---|
| *Законот за социјална заштита иПравилник за начинот на остварување на правото на паричнапомош на родител кој има дете со попреченост, образецот на барањето и потребната документација за остварување на ова право (Сл.Весник* |

*на РСМ бр.109/16 ), го предвидува правото како и условите и постапката под кои може да се оствари*

Доколку лицето со статус бегалец или под супсидијарна заштита има дете со попреченост за кое се грижел до неговата 26 годишна возраст, и не користел ускуги од вонсемејна заштита, кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години на живот за жена, односно 64 години на живот за маж и не му е одземено родителското право, може да оствари право на траен надоместок на родител кој има дете со попреченост. Потребно е:

- Да поднесе барање до меснонадлежниот Центар за социјална работа
- Да поседува лична карта за признат бегалец или лична карта за лице под супсидијарна заштита,
- извод од матична книга на родените за детето;
- извод од матична книга на венчаните;
- потврда од надлежен суд дека на родителот не му е одземено родителското право над детето;
- потврда од Агенцијата за вработување на Северна Македонија, за статус на невработено лице за родителот;
- потврда од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија дека родителот, по наполнување на 60 години на живот за жена односно 62 години на живот за маж, не користи право на пензија и
- наод, оцена и мислење на стручен орган за видот и степенот на попреченост (решение од надлежен Центар за социјална работа за видот и степенот на попреченост во менталниот и телесниот развој);

Центарот ќе донесе решение врз основа на увид во фактичката сосотојба и изготвена стручна документација.

## *3.7. Еднократна парична помош*

Правото е предвидено во Законот за социјалната заштита и подзаконскиот акт, истото може да го оставари само ако лицето има отворено лична нерезидентна трансакциска сметка во некоја од банките во државава а за отварање на сметката во банка лицето подносител мора да има валидна лична карта за регулирање на престој каде е нотиран единствен матичен број за странец издаден од Министерството за внатрешни работи (ЕМБС).

Доколку лицето поседува валидна лична карта за регулирање на престој, правото на ЕПП го остварува со поднесување на **Барање до Центарот за социјална работа (Анекс**

**1.9)** и приложување на потребна документација за лицето и членовите на домаќинството:

- Изјава за согласност за употреба на личните податоци на барателот (прилог бр.2), која ја издава Центарот за социјална работа или ја има на страната на МТСП.
- Записник на изјава која треба да биде своерачно пополнета и потпишана со образложение дека барателите поради својот статус не се во можност да обезбедат лична документација.
- Решение од МВР со лични податоци за децата-евидентен или регистарски број. Доколу не се во можност родителите да достават документација, Центарот ја обезбедува по службена должност преку соработка со МТСП и МВР.
- Доказ - документација за изложеност на социјален ризик.
- Трансакциска сметка на име на носителот.

Центарот за социјална работа по службена должност ја преиспитува целокупната фактичка состојба во домаќинството и носи соодветно **Решение за остварување или одбивање на правото (Анекс 1.10),** согласно Законот за социјална заштита, а во итни и неодложни случаи министерот може да донесе решение за доделување еднократната парична помош.

Висината на ЕПП е различна во зависност од видот и степенот на ризик во кој се нашло лицето или неговото семејство ( 30.000, 15.000,12.000,4.500 денари )

## *3.8. Користење соодветен стан за сместување или парична помош за обезбедување на простории за сместување*

Со цел извршување на паричен трансфер, и остварување на парични права потребно е лицето да има отворено лична нерезидентна трансакциска сметка во некоја од банките во државава. За отварање на сметката во банка лицето подносител мора да има валидна лична карта за регулирање на престој каде е нотиран единствен матичен број за странец издаден од Министерството за внатрешни работи (ЕМБС).

Ова е и право од парична помош кога се доделуваат средства за изнајмување на станбен простор и се даваат средства за комунални трошоци, но е и услуга кога МТСП ќе му додели стан на бегалецот/лице под супсидијарна заштита, а и ќе му даде парични средства за комунални трошоци.

*Правото се остварува врз основа на Закон за меѓународна и привремена заштита Сл.весник на РМ бр.64/18, Правилник за поблиските критериуми и начинот на*

*користење на соодветен стан за сместување или на парична помош потребна за обезбедување простории за сместување на лицата со статус на бегалец согласно со нивните потреби Сл.Весник на РСМ 195/19.*

Лицето на кое му е признато право на азил (лице со статус бегалец или лице под супсидијарна заштита) под услови определени во законот и подзаконскиот акт може да оствари право на доделување на средства за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел, доделување на парична помош за комунални трошоци или доделување на користење на станбен простор во државна сопственост на кој е корисник Министерството за труд и социјална политика.

За да го оствари правото , лицето треба да:

- Поднесе Барање до месноналежниот Центар за социјална работа.
- Да поседува лична карта за лица со статус бегалец / лице со статус лице под супсидијарна заштита на увид.
- договор за закуп на станбен простор ( Ако лице со статус на бегалец / лице под суспидијарна заштита од оправдани причини не е во можност самостојно да изнајми простории под закуп, со изјава го потврдува тој факт пред центарот за социјална работа. Од страна на центарот за социјална работа може да се склучи договор за закуп со трето лице, за сместување на лице со статус на бегалец / лице под супсидијарна заштита во стан или просторија која е предмет на договорот, при што паричните средства за плаќање на закупнина се исплаќаат на закуподавецот, а за комуналните трошоци се доделуваат на лице со статус на бегалец.)

Месноналежниот центар врши непосреден увид за да ја утврди фактичката состојба.

Месноналежниот центар изготвува решение за доделување на средства за закупнина и комунални трошоци- за самец до 8.000,00 денари за месечна закупнина плус до 2.000 денари за комунални трошоци ; - за семејство од два до четири члена до 10.000 денари за месечна закупнина плус до 4.000 денари за комунални трошоци и - за семејство од пет и повеќе члена до 12.000 денари за месечна закупнина плус до 5.000 денари комунални трошоци.

Доколку се додели станбен простот, корисникот на доделениот станбен простор на користење има право на парична помош за комунални трошоци.

За да може да оствари право на доделување на станбен простор, лицето треба да:

- Поднесе барање до месноналежниот Центар за социјална работа.

Месноналежниот центар по службена должност по претходна дадена согласнот на лицето ги прибавува другите потребни документи, ја утврдува фактичката состојба,

преку непосреден увид на лице место на местата на живеење и увид во документацијата издадена од надлежна институција. Следствено месноналежниот центар носи Решение ( Анекс 2.1 ).

## 4. Пристап на целната група до социјални услуги во системот на социјална заштита

### *4.2. Услуги на информирање и упатување*

- **Која е целта на услугата**

информирање за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги, првична проценка и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите.

- **Кој ја обезбедува услугата**

Установи за социјална заштита, лиценцирани даватели на социјални услуги, овластени даватели на социјални услуги, ЦСР.

- **Пристап до услугата**

Лично и/или писмено обраќање на корисниците до установи за социјална заштита, лиценцирани даватели на социјални услуги, овластени даватели на социјални услуги.

### *4.3. Услуги на стручна помош и поддршка*

- **Која е целта на услугата**

Зајакнување на корисниците, промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата и независноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми.

- **Кој ја обезбедува услугата**

Установи за социјална заштита, лиценцирани даватели на социјални услуги, овластени даватели на социјални услуги, ЦСР.

- **Пристап до услугата, како се обезбедува услугата**

Преку користење на било кое право од социјална заштита и/или било која социјална заштита, како интегрален дел од професионалната работа на стручните работници во установите за социјална заштита и на лиценцираните и овластените даватели на социјални услуги.

### *4.4. Услуги на советување*

- **Која е целта на услугата**

преку советодавна работа, односно преку советувалишна работа да се постигне превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство.

- **Кој ја обезбедува услугата**

Установи за социјална заштита, лиценцирани даватели на социјални услуги, овластени даватели на социјални услуги, ЦСР.

- **Пристап до услугата**

Услугите на советување се применуваат како интегрален дел од професионалната работа на стручните работници и на лиценцирани и овластени даватели на социјални услуги.

Услугите на советување опфаќаат: подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи, советување при развод на брак,семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи, психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство, психо-социјален третман на сторители на семејно насилство идруги специјализирани видови на советувања

# 5. Запознавање на постапката за сместување на лица баратели на азил

***Правна рамка***
**(***Закон за меѓународна и привремена заштита Сл.Весник на РМ 64/18, Правилник за стандардите за прифат на баратели на правото на азил Сл.Весник на РСМ бр.195/19***).**

***Постапка***
Барателите на право на азил до донесување на конечна одлука во постапката за признавање на право на азил имаат право на:

- Престој,
- идентификациона исправа,
- слобода на движење,
- бесплатна правна помош,
- соодветно сместување и згрижување во Прифатен центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика, доколку искаже потреба за истото,
- семејно единство,
- основни здравствени услуги согласно со прописите за здравственото осигурување,
- право на социјална заштита согласно со прописите за социјалната заштита,
- право на образование согласно со прописите за основно и средно образование,
- работа само во рамките на Прифатниот центар или друго место за сместувањеопределено од Министерството за труд и социјална политика и право на слободенпристап на пазарот на труд за барател на право на азил за чие барањето за признавање на право наазил не е донесена одлука од страна на Секторот за азил, во период не подолг од девет месеци по поднесувањето на барањето,
- пристап до достапни програми за рана интеграција и
- контакти со Високиот комесаријат за бегалци, како и невладини хуманитарни организации заради давање на правна помош во постапката за признавање на право на азил.

За овие права, лицата се известуваат во писмена форма на јазик разбирлив за нив или пак се известуваат во усна форма со помош на толкувач.

## *5.1. Сместување и згрижување во Установа за прифат на баратели на право на азил*

***Постапка за сместување***

За да може барателот на азил да се смести во Установата, потребно е да ги достави-поседува следниве документи:

- Барање за прием во установата.
- Фотокопија од записник за поднесено барање за азил издадено од Министерство за внатрешни работи; или образец за поднесена намера за барање на право на азил издаден од Министерство за внатрешни работи во последните 72 часа.
- **Решение за сместување** донесено од меснонадлежен центар (по истекот на првичните 24 часа, понатамошно сместување на лицето кај давателот на услуга во објектот за прифат е дозволено во случаевите кога меснонадлежен Центар ќе донесе решение за сместување на лицето).
- Важечка идентификациона исправа на барателот на правото на азил (исправата ја издава МВР во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето за признавање на правото на азил).
- Лекарска потврда за здравствена состојба и статус на вакцинација.

Лицето кое поднело или искажало намера да поднесе барање за азил во полициска станица  Прифатен центар за странци, на граничен премин или во Сектор за азил, од страна на МВР, преку толкувач или на јазик рабирлив за него е информирано за можноста од сместување во Установата и во придружба на полициски службеник се сместува во прифатниот центар Визбегово. По истекот на првите 24 часа од неговото сместување, може да продолжи со сместувањето само ако  центарот за социјална работа донесе **Решение за сместување (Анекс 4.2).**

При приемот во установата лицето барател на азил од страна на вработените во установата или од други овластени даватели на услуги, на јазик разбирлив за него во писмена или аудиовизуелна форма, се информира за сите права и обврски согласно законите, како и за сето што му се обезбедува за време на престојот во установата (храна и други непрехранбени производи,  здравствени услуги, услуги од социјална заштита, психосоцијална подршка, правна помош, комуникација со правни застапници и со домашни и меѓународни организации, Црвен Крст, УНХЦР, можност за образование, работа и рекреација, право на толкувач, преведувач).

Барател на право на азил ќе продолжи да ги користи наведените услуги освен храна и непрехранбени производи, и кога на сопствен трошок ќе се смести надвор од установата, за што треба да добие одобрение издадено од Министерството за труд и социјална политика.

## *5.1. Постапка за сместување надвор од прифатен центар*

За сместување надвор од Прифатниот центар, лицето барател на азил е потребно да поднесе барање до МТСП за да биде сместено на локација кое самото лице ќе ја одбере.

По одобрување на истото од страна на МТСП и излегување на барателот на азил од Установата, само ги сноси сите трошоци освен здравствената заштита која ја користи од Прифатниот центар во Визбегово.

Децата кои се непридружувани, можат да сместат во згрижувачки семејства што е објаснето во поглавје 6.

## 6. Постапката за назначување на старател за малолетно лице странец/барател на азил и постапка за сместување

***Правна рамка***

*СОП за Непридружувани деца од 2015 и Закон за семејство*

***Постапка***

Децата што од кои било причини остануваат без родителска грижа се заштитуваат преку назначување старател, кој ќе ги штити нивните права и интереси, и преку ставање под старателство. Постапката за ставање под старателство на малолетното дете и назначување старател ја води надлежен Центар за социјална работа како единствено надлежен старателски орган. Центарот за социјална работа во **Решението со кое го поставува старателот (Анекс 3.2)** ги определува неговите должности и обемот на неговите овластувања и му издава старателска исправа. Старателот на малолетно лице е должен да се грижи како родител за личноста на малолетникот, а особено за неговото здравје, воспитание, образование и оспособување за самостоен живот и работа (чл. 159 – чл. 164 од Закон за семејството).

Центарот за социјална работа секогаш и веднаш од кога ќе добие известување од Министерството за внатрешни работи дека е идентификувано-пронајдено малолетно лице-дете странец што не е придружувано од своите родители, од полнолетни роднини или од друго возрасно лице веднаш превзема мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето и го става под старателство.

Центарот за социјална работа во случаи предвидени со Законот за семејство ќе преземе потребни мерки за заштита на личноста, правата и интересите на странски државјани додека органот на државата, чиј државјанин е тој, не донесе потребно решение и не преземе определени мерки (чл.175 од Закон за семејство).

Работите од старателството што се однесуваат на обезбедување старател на непридружувани деца-странци / барател на азил и активностите на стручниот тим во врска со заштита на правата и интересите на НМДС се:

- Веднаш по добиеното известување/пријавување (усно, писмено, телефонско) од страна на МВР дека е пронајдено малолетно лице-дете странец што не е придружувано од своите родители или старател, месно-надлежниот ЦСР кој прв е известен за пронајден НМДС:
    - определува старател (стручно лице од ЦСР), **Решение (Анекс 3.1 и 3.2)** имајќи ја предвид особената ранливост на категоријата НМДС, а со цел заштита на неговите права во согласност со Конвенцијата за правата на детето и за да бидат сите постапки и дејства што ги преземаат административните органи

во согласност со начелото „во најдобар интерес на детето.“ Старателот од тој момент е формално-правно одговорен за НМДС (заменски родител).

- Старателот заедно со стручниот тим од ЦСР го спроведува интервјуто со детето, прави процена на неговата состојба, неговите ризици и потреби.
- Како заменски родител, старателот: се грижи за заштита на неговите права при преземањето службени дејства од страна на државните органи, во постапки кои се однесуваат на неговата положба, статус, право на искажување на своето мислење, семејно обединување и други права предвидени во КПД (определува/ополномоштува правен полномошник) (Анекс 5 **потврда за искажување на намера за барање на азил);**
- Заедно со стручниот тим прави процена за потребите на НМДС, неговите специфичности и карактеристики, и која форма на згрижување-сместување ќе ја примени;

Месноналежниот центар за определената форма носи решение за остварување на правото на сместување на детето. Детето може да се смести во:

- згрижувачко семејство,
- во групен дом или
- во објект за прифат на баратели на право на азил.

Кога се обезбедува сместување или во Прифатен центар за баратели на азил или во тоа е во зависност од возраста на детето. (Кога се сместува во ПЦ Визбегово се предава на стручно лице од установата, по добиено известување од установата се изготвуваат поединечни наоди, наод на стручен тим и **Решение за сместување** (Анекс 4.2.)

- Малолетникот без придружба веднаш по пристигнување во Центарот или по негово сместување, се праќа на лекарски преглед со цел да се направи проценка на здравствената и психофизичка состојба и да му се укаже лекарска помош доколку е тоа потребно.

## *6.1. – Сместување во згрижувачко семејство*

***Правна рамка***

„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19и 275/19), Правилник за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство, стандардите задавање на услугата згрижување, нормативите и стандардите за вршење на дејноста на центарот за поддршка на згрижувачки семејства, за простор, средства, кадри и начинот на водење на евиденција и потребната документација за згрижувачките семејства.

***Постапка***
Доколку детето барател на азил се сместува во згрижувачко семејство, првично се известува Центарот за поддршка на згрижувачи кои препорачуваат кое семејство е најсоодветно за детето.

Потоа детето се предава на згрижувачот, се известува Тимот за згрижување при ЦСР кој потоа изготвува наоди и **Решение за згрижување/сместување** (Анекс 4.1.). Старателот:

- активно учествува во постапката за регулирање на престојот на НМДС, континуирано известувајќи го НМДС за текот на постапката (барање за азил или привремен престој) со што се почитува принципот на учество на детето во сите одлуки важни за неговиот живот;
- активно учествува и во планирањето долгорочна помош на НМДС - локална интеграција и згрижување/сместување и
- во постапката која е врвен приоритет за НМДС - семејно обединување, па затоа сите мерки што се планираат и што се преземаат се насочени кон крајната цел – овозможување услови за семејно обединување како најдобар интерес на детето.

Центарот за социјална работа го сместува детето во згрижувачко семејство како мерка на заштита кога тоа е во негов најдобар интерес. Сместувањето на детето во згрижувачко семејство е во најдобар интерес на детето доколку е во согласност со неговите потреби за безбедна средина, емоционален и социјален развој, здравствена заштита, воспитание и образование, придонесува за надминување на пречките во развојот на лицето и обезбедува континуитет на односите со семејството на потекло и други лица важни за детето.Центарот врши проценка преку поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство се кои се:

- возраст,
- здравствена состојба,
- подобност,
- материјални услови,
- станбени услови и
- обука на згрижувачите.

Заради згрижување на дете во згрижувачко семејство, од страна на Центарот засоцијална работа се преземаат следните работи:

- обезбедување потребна документација за детето кое треба да се згрижи;
- изготвување проценка на потребата на детето за згрижување;
- изготвување план за индивидуална работа со корисник;
- склучување договор со згрижувачот за згрижување на дете и
- донесување решение за сместување на дете во згрижувачко семејство.

Од страна на Центарот за социјална работа се доставува личната и стручната документација за детето кое треба да се згрижи до Центарот за поддршка на згрижувачкисемејства.

# 7. Постапки за идентификација и работење со ризични категории определени како ранливи во полето на азил

***Правна рамка***

Ранливи лица во смисла на законот за меѓународна и привремена заштита се процесно неспособни лица, малолетни лица, малолетни лица без придружба, тешко болни лица, лица со пречки во развојот, лица со телесна попреченост, стари лица, бремени жени, самохрани родители со малолетни деца, жртви на трговија со луѓе и лица кои биле изложени на мачење, силување или други тешки форми на психолошко, физичко или сексуално насилство.Постапувањето со овие категории лица е спрема СОП запостапување со ранливи категории лица – странци од 2016.

***Постапка***

- **Идентификација**

Идентификување на оваа категорија лице опфаќа збир на тактики, техники и методолошки алатки преземени од страна на одговорното лице кое користејки индикатори води интерву со лицето и се врши проценка на ризик. Ова го прават претставници на МВР и од МТСП и ЈУ МЦСР.Исто така по однос на ранливи категории лица кои се предмет на овој Водич, по добиено известување од ПЦ Визбегово за нивната ранливост стручен тим од ЈУ МЦСР-Скопје го посетува лицето и обавува разговор со истото и се прави процена на неговите потреби.

По спроведеното интервју и според утврдените индикатори за идентификација, од страна на лицето кое го води интервјуто се утврдува:

- ✓ за која ранлива категорија се работи;
- ✓ дали лицето било предмет на насилство/вид/ – сексуално или физичко;
- ✓ попреченост, вид и степен на попреченоста;
- ✓ акутни/хронични болести;
- ✓ неопходно потребна здравствена помош/вид на помош;
- ✓ дали лицето има потреба од меѓународна заштита;
- ✓ одредување на одговорната институција во која се упатува.

Врз основа на горе опишаното препознавање и идентификување на ранливите лица од страна на организации, институции кој првично дошле во контакт со ранливите лица преку спроведено интервју, утврдени индикатори и идентификуваната ранлива категорија на која ѝ припаѓа лицето странец, а на кое му е потребна помош и заштита, лицето се упатува на надлежната одговорна институција за понатамошно постапување.

- **Стручна помош и заштита**

На идентификуваните лица, и им е неопходно потребна помош и поддршка.Сите услуги што се обезбедуваат имаат цел надминување на траумите на жртвите преку активности за стабилизација, а во напредната фаза од процесот на поддршка, нивно засилување и целосна интеграција во средината во која ќе живеат.

Бидејќи се работи за различни категории лица, потребно е за секоја категорија и лице посебно да се изготви **Проценка на потребите и сервис на услуги** на идентификуванте ранливи категории лица.

Потребите и услугите што им се овозможуват на РКЛС се делат на:

- ✓ непосредни основни потреби;
- ✓ среднорочни потреби;
- ✓ долгорочни потреби.

Институциите што ги овозможуват овие услуги треба да ја имаат предвид сензитивноста на овие категории на ранливост и давателите на услуги/одговорните лица потребно е да ги имаат предвид одредени принципи за тоа како да се обезбеди првична помош со која се промовират човековите права, пристап базиран од првиот контакт, па сè до моментот кога на овие им се нуди трајно решение.

- помошта опфаќа:
    - информирање и правна помош на јазик што го разбираат за:
        - видот на услугите што ќе им бидат овозможени;
        - правилникот за работа на објектот во кој се сместени;
        - правото и постапката за регулирање на престојот во согласност со законските норми;
        - други права што ги имаат во согласност со законите на РМ.
    - Здравствени услуги
    - Психосоцијална поддршка
    - Првична проценка на ризик.

Веднаш по самата идентификација од голема важност е да се изврши што побрза проценка на потребите и на услугите што им се неопходни и најитно потребни на овие лица.

Одредени лица од ранливи категории што се прифатени и идентификувани во РМ, а не се способни да ги остварат своите права во постапката за остварување на правото на азил или на привремен престој се упатуваат на ЈУМЦСР/ЦСР, кој ќе се грижи за нивните права и интереси.

Лица на кои побарање на надлежна институција по службена должностод страна на МТСП/ЈУМЦСР/ЦСР ќе имсе одреди старател се:

- деца жртви на трговија со луѓе;
- лица со видлива тешка интелектуална и ментална попреченост.

По службена должност или по писмна пријава на надлежна институција ЦСР,во интерес на правата и интересите на ЖТЛ и РКЛС што не е деловно способно,определува старател кој ќе ги застапува интересите на лицето во постапките пред државните органи.Постапката за определување на старател е итна.

Врз основа на проценката на потребите, видот и степенот на ранливоста,доделениот статус во РМ и во согласност со капацитетите на државата се изнаоѓа соодветно решение за згрижување/сместување на лице од ранлива категорија, кое е во негов најдобар интерес, веднаш по прифаќањето и идентификацијата;по поднесено барање за азил;по признавање на правото на меѓународна заштита.

Прифатено и идентификувано РКЛС на илегален влез во РМ или како дел од сложени миграциски движења на влез на официјални контролни точкина државната граница, доколку не е барател на азил, привремено ќе биде сместено во ПТЦ или ПЦС на МВР.

По поднесено барање за азил, РКЛС ќе биде сместено во прифатен центар за баратели на азил или во други установи или форми на згрижување со кои расплага МТСП,како што се згрижувачки семејства, центри за привремен престој или установи кои му одговараат на ранливата состојба, видот и степенот на попреченост на РКЛС, а кое ќе биде во негов најдобар интерес.

- **Услуга за сместување на ранливи категории на лица со признаено право на азил**

*(Правилник за начинот на згрижување и сместување на малолетни лица без придружба и ранливите категории на лица со признаено право на азил во Република Северна Македонија, Сл.Весник на РСМ бр.195/19)*

Имајќи ја предвид ранливоста на овие РКЛС, видот и степенот на физичката и на менталната попреченост, давателот на услугата згрижување на РКЛС при изборот на формата на згрижување ќе ги има предвид следниве околности:

- формата на згрижување да ги исполнува критериумите на универзлен дизајн,кој ќе им одговара на потребите на РКЛС, видот и степенот на попреченоста;
- персоналот вработен во институционалната форма на згрижување да биде обучен за работа со лица со физичка и ментална попреченост;
- за РКЛС на кои им е определен старател, тој да учествува во изборот на формата на згрижување и да биде во контакт со РКЛС и со институцијата во која е сместен со цел заштита на нивните права.

Згрижување и сместување на корисници може да обезбеди јавна установа или овластен давател на услуги. Потребно е да се поднесе барање до месноналдежниот Центар за социјална работа лично, старателот  или по службена должност од овластено лице.

Центарот е должен да го изврши сместувањето во период од 48 часа од добивање на статус на лице со признато право на азил.При сместувањето, центарот приложува наод и мислење на стручен работник, решение за сместување, решение за ставање под старателство и назначување на старател . Во рок од 30 дена од донесеното решение за сместување, Центарот изготвува индивидуален план за работа со корисникот во кој треба да планира:

- ✓ Психолошка поддршка на ранливото  лице, индивидуална, групна или специјализирана;
- ✓ Пристап до медицинска грижа и услуги и права од социјална заштита;
- ✓ Вклучување во заедницата – културолошки и општествени активности;
- ✓ Вклучување во образовен или работен процес;
- ✓ Вклучување во програми за изучување на македонскиот јазик;
- ✓ Пристап до преведувач на мајчин јазик или на јазик кој го разбираат, толкувач на знаковен јазик доколку има потреба.

Овој план се изработуба по регулирање на престојот и по спроведена проценка на потребите.Планот за долгорочна помош за РКЛС претставува индивидуален документ,кој треба да се засновува на претходно направена проценка на потребите.Тој треба да се базира на индивидуалната проценка, земајки ги предвид следниве фактори:

- ✓ возраста на РКЛС;
- ✓ видот и степенот на попреченост;
- ✓ полот;
- ✓ емоционалната состојба;
- ✓ семејната историја.

Индивидуалната проценка на потребите на РКЛС треба да се применува за секој случај посебно, имајќи ги предвид спецификите на личноста, состојбата и околностите во кои е прифатен РКЛС, како и земјата на потекло.

## Анекс 1

### *1.1 Барање за здравствена заштита и а домување (општо барање)*

ЈУ МЦСР-Скопје

Одделение за Социјални работи

**Барање**

Од________________________________ул. ___________________бр. _____________________

ЕМБГ_______________________________бр. на л.к.___________________________________

Дата:_________________________

Барател:_______________________________

## *1.2. Решение за остварување или одбивање на правото на здравствена заштита*

ЈУ Меѓуопштинскицентарзасоцијална работа Скопје-Центар решавајки по барањето за остварување право на здравствена заштита на ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА КОРИСНИКод СКОПЈЕ -________ со број ___________, врз основа на член 261, став 1 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РСМ", бр.104/2019,146/2019,275/2019), донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за остварување право на здравствена заштита**

1. ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА КОРИСНИК со ЕМБГ __________________ од _______________ со стан на ул. остварува право на здравствена заштита.

2. Носителот на правото, односно неговиот законски застапник или старател е одговорен за вистинитоста на податоците во барањето и е должен да го извести центарот за социјална работа за секоја промена на фактите и околностите кои биле основа за признавање на правото, најдоцна во рок од 15 дена од денот кога настанале тие промени.

3. Ова решение се применува од _________________. година.

4. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА КОРИСНИК од ______________, лице под супсидијарна заштита поднесе барање за остварување здравствена заштита, наведувајќи дека е корисник на право на ___________________________________ и дека не е корисник на здравствена заштита по друга основа.

Постапувајќи по барањето на именуваниот-та, центарот за социјална работа утврди дека: -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Лицето ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА КОРИСНИК ги исполнува условите за користење на правото на здравствена заштита бидејќи е корисник на право на _________________________ , доделено со решение бр. ___________________година, донесено од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје-Центар и истото не е корисник на здравствена заштита по ниедна друга основа.

Врз основа на изнесеното, согласно член 66 од Законот за социјалната заштита, се донесе решение како во диспозитивот.

Р.бр. уп1 ______________

од _____________ год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение преку овој центар до Министерството за труд и социјална политика. Жалбата се предава непосредно или по пошта, а може да се изјави и на записник.

Постапката ја водел:___________

Постапката ја контролирал: ___________

Одобрил:___________

**Овластено службено лице**

по овласување на В.Д директор к
контролирал и одобрил раководител

### *1.3. Барање за остварување на право на гарантирана минимална помош*

Прилог бр.1

До
ЈУ ______________________________
( Центар за социјална работа)

**БАРАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ**

1. ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| Име | Презиме |
|---|---|
| | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање | Единствен матичен број |
|---|---|---|
| _____ . _____ . ____________ | | __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ |

ДРЖАВЈАНСТВО________________________________

ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ_____________________________________

| Име на татко | Име на мајка | Брачен статус |
|---|---|---|
| | | ☐женет/мажена ☐разведен/а ☐вдовец/ца ☐вонбрачна заедница ☐непознато |

| Образование | Работен статус |
|---|---|
| ☐Завршено ☐Во тек | ☐Вработен ☐Невработен ☐Пензионер |

2. ПОДАТОЦИ ОД ЛИЧНА КАРТА

| Број на лична карта | Издадена од | Ден на издавање | Важност до |
|---|---|---|---|
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Улица и број | | Населено место | Општина |
| | | | |

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ (само доколку се разликува од податоците во личната карта)

| Улица и број | Населено место | Општина |
|---|---|---|
| | | |

4. ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА ДОМАЌИНСТВО:

| Р. бр | Име и презиме и име на родител | ЕМБГ | Живеалиште/ престојувалиште | Сродство со подносителот | Образование | Брачен статус | Работен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |

6. ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО КОИ ГИ ДОСТАВУВА НОСИТЕЛОТ:

1. важечка лична карта на граѓанинот на Република Северна Македонија, лична карта за постојан престој на странец, лична карта за признат бегалец или лична карта за лице под супсидијарна заштита која се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството ( за сите полнолетни членови во домакинството)
2. пресуда за развод на брак
3. пресуда за определена законска издршка
4. потврда за редовен студент
5. договор за изршување на работи во врска со спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија
6. договор за давање на земјоделско земјиште сопственост на Република Северна Македонија на плодоуживање (се вади во министерство за земјоделие-градски парк)
7. потврда од банка за штеден влог
8. потврда за исплата на воена инвалиднина (барака 5 во општина Центар-градски парк)
9. потврда за надоместок кој произлегува од активности поврзани со безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија
10. тужба за законска издршка против близок сродник кој по закон е должен да го издржува, односно полномошно на службено лице во центар за социјална работа за поведување на оваа постапка

Датум и место на поднесување                                        Потпис на подносителот
на барањето

___________________________________

___________________________________

Потпис на службено лице кое го примило барањето

*1.4. Решение за остварување право на гарантирана минимална помош*

**ЈУМеѓуопштинскиЦентарза социјална работа ___________решавајќи по барањетобр. __________за остварување право на гарантирана минимална помош на _________________, врз основа на член 261 став 1 од Законот за социјалната заштита („ Службен весник на РСМ„ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20 и 311/20) донесе**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за остварување право на гарантирана минимална помош**

1. Домаќинството на носителот на правото _________________, со ЕМБГ ___________одСКОПЈЕ - ЃОРЧЕ ПЕТРОВсо стан на _______________________остварува право на гарантирана минимална помош за 7 -члено домаќинство во износ од7344 денари месечно, усогласен со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.

2. Домаќинството од точката 1 остварува паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството, во износ од 1053денари за месеците од октомври до март, усогласен со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.

3. Членот во домаќинството кој е невработен и тоа:

е должен да се евидентира во надлежниот Центар за вработување во рок од 30 дена од приемот на ова решение, согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. **По исклучок во услови на вонредни околкности корисниците не се должнида се евидентира во надлежниот Центар за вработување.**

4. Членот во домаќинството кој е евидентира како невработено лице е должен да ги извршува обврските од индивидуалниот план изготвен од страна на надлежниот центар за социјална работа.

